**20252584977**

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БУЏЕТИ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за буџети,
што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 17 декември 2025 година.

Бр. 08-7159/1
17 декември 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БУЏЕТИ

Член 1

Во Законот за буџети („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 203/22, 59/23, 39/24, 76/24 и 272/24) во член 11 ставот (19) се менува и гласи:

„Стручната служба на Фискалниот совет се состои од четири аналитичари за стручна работа и двајца вработени за административно-техничка поддршка на работата на Фискалниот совет. Внатрешната организација и описот на работните места се утврдуваат со подзаконски акт, кој го донесува Фискалниот совет. На вработените во Стручната служба на Фискалниот совет ќе се применуваат одредбите од Законот за административни службеници.“.

Член 2

Членот 11-а се брише.

Член 3

Во член 122 зборовите: „1 јануари 2026 година“ се заменуваат со зборовите: „1 јануари 2028 година“.

Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.